Бр./Nr 12-396/3
10 -06- 2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 19-тата седница одржана на 02.06.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот со број 12-2988/1 од 20.11.2024 година, оформен по доставена пријава со наводи за сомневање за неправилности во спроведување на постапка за денационализација, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот. За предметниот случај се водат постапки пред други надлежни органи.

Предметот со број 12-2988/1 од 20.11.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 20.11.2024 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за неправилности во спроведување на постапка за денационализација и оформен е предмет број 12-2988/1 од 20.11.2024 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за неосновано одолговлекување на постапката за денационализација која се спроведува по Барање за денационализација ДН бр./// од /// година поднесено до Министерството за финансии. Подносителот во пријавата изразил сомневање дека предметот е изгубен, и изнел наводи за неконзистентност во фактичката состојба содржана во одлуките донесени во рамки на постапувањето по посоченото Барање, како и наводи за непостапување по напатствија дадени од страна Управниот суд.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување податоци и информации до Министерството за финансии.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени како одговор на барањето на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:

До Комисијата за одлучување по барањата за денационализација за општините /// со седиште во Општина /// во 2000 година било поднесено Барање за денационализација заведено под ДН.бр./// од /// година, за имот кој претставува градежно неизградежно земјиште на КП бр./// ПЛ.бр./// со површина од 178m$^2$ КО ///, одземен со Решение бр./// од /// година на Секретаријатот за /// при СО ///.
Постапувајќи по Барањето, Комисијата во 2001 година донела Решение со кое Барањето било одбиено како неосновано, кое Решение, по жалба од барателите поднесена до Комисијата за решавање во управна постапка во втор степен од областа на денационализација, во 2004 година било поништено, а предметот бил вратен на повторно разгледување и одлучување.
Во периодот од 2005 година до 2020 година во Комисијата за одлучување по барањата за денационализација за општините /// во врска со Барањето ДН.бр.1/// од /// година во повеќе наврати се воделе постапки во кои биле донесувани решенија од кои барателите не биле задоволни и против кои поднесувале жалби до Комисијата за решавање во управна постапка во втор степен од областа на денационализација. Во овие постапки биле инволвирани и Државниот правобранител на РМ за /// и Јавното правобранителство на РМ за подрачје ///. Незадоволни од решенијата на Комисијата, подносителите поднеле тужби до Управниот суд, кој има донесено пресуда во 2009 година, во 2017 година, во 2020 година и во 2021 година.
По донесувањето на пресудата на Управниот суд во 2021 година, со која тужбата на барателите била уважена, а Решението на Комисијата за денационализација од 2020 година било поништено, по обезбедување на сите докази релевантни за одлучување по предметот, Комисијата за денационализација по Барањето за денационализација ДН.бр./// од /// година донела Решение и во 2024 година. Незадоволни од донесеното решение, барателите, во /// 2024 година, повторно изјавиле тужба пред Управниот суд. Со Одговор на тужба од 2024 година, предметот со сите списи од страна на Комисијата бил доставен до Управниот суд, по што, заклучно со јануари 2025 година, од страна на Управниот суд до Комисијата не е доставена одлука во врска со поднесената тужба.

Од горенаведеното, имајќи предвид дека во врска со случајот во тек е постапка пред друг надлежен орган – Управниот суд на Република Северна Македонија, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик - претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц, раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата